# Службен гласник
## на Општина Штип

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник<br>на Општина Штип<br>Излегува по потреба | Број 21<br>31 декември 2022 година | Година LVIV |


# С О Д Р Ж И Н А


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 910. | Решение за објавување на Одлука за донесување на Генерален урбанистички план за град Штип, Општина Штип за плански период 2014-2029 година | 1740 |
| 911. | Одлука за донесување на Генерален урбанистички план за град Штип, Општина Штип за плански период 2014-2029 година | 1740 |

910.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014-2029 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за донесување на Генерален урбанистички план за град Штип, Општина Штип за плански период 2014-2029 година

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-7987/2 — Општина Штип
31 декември 2022 година — Градоначалник

Ш т и п — Иван Јорданов, с.р.

911.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), а во врска со член 26 став 5 алинеја 1 и член 27 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2005, 137/2007, 151/2007, 91/2009, 124/2010, 18/2011, 53/2011, 144/2012, 55/2013, 163/2013 и 42/2014), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 декември 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП ЗА ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014 -2029 ГОДИНА

Член 1

Се донесува Генерален урбанистички план за град Штип, Општина Штип за плански период 2014 – 2029 година.

Член 2

Генералниот урбанистички план за град Штип е со плански опфат со површина од 2292,12 ха.

Член 3

Донесениот урбанистички план се заверува во седум примероци од кои: еден се чува во архивот на донесувачот на планот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив, еден примерок се доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот во електронски формат, еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности во електронски формат и седмиот примерок се изложува кај донесувачот на планот заради достапност на јавноста.

Член 4

Советот на општината е должен во рок од 30 дена од донесување на планот да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Агенцијата за катастар на недвижности на чување и користење.

Член 5

Генералниот урбанистички план за град Штип, Општина Штип за плански период 2014 – 2029 година ќе се применува со денот на исполнување на условите од член 3 и член 4 од оваа одлука.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 7987/1 Совет на Општина Штип
31 декември 2022 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.